## Советодавен комитет за Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства

Советодавниот комитет е независна експертска комисија, која е одговорна за имплементација на Рамковната конвенција во државите членки и за советување на Комитетот на министри. Резултатите од таа евалуација се состојат од детални мислења за конкретните земји кои се усвоени со следење на процедура за мониторинг. Таа процедура вклучува преглед на извештаите за државите и други извори на информации, како и состаноци на лице место со владини соговорници, претставници на националните малцинства и други релевантни чинители.

Советодавниот комитет е составен од 18 независни експерти, кои се избираат и назначуваат за период од 4 години. Согласно на Резолуцијата (97)10 на Комитетот на министри, членовите на Советодавниот комитет имаат признаена експертиза во областа на заштита на националните малцинства. Тие ќе постапуваат во свое индивидуално својство, ќе бидат независни и непристрасни, и ќе бидат достапни за ефективно да работат во комитетот.

## Мониторинг на имплементацијата на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства предвидува механизам за мониторинг за да се оцени како договорот се спроведува во државите членки. Тоа резултира во препораки за подобрување на заштитата на малцинствата во државите каде се врши преглед. Комитетот кој е одговорен за обезбедување на детална анализа на законите за малцинствата и праксата е Советодавниот комитет. Тоа е комитет составен од 18 независни експерти, кој е одговорен за усвојување на мислења за конкретни земји. Намерата е со тие мислења да се посоветува Комитетот на министри во подготовката на неговите резолуции.

Кликнете тука за документите кои се однесуваат на мониторингот

Циклусот за мониторинг се случува секои 5 години, во согласност со следните фази:

### 1 –Поднесување на извештај од страна на државата членка

Со процедурата за мониторинг, од секоја држава се бара да поднесе прв извештај во рок од една година по стапувањето во сила на Конвенцијата и дополнителни извештаи секои пет години.

Подготовката на извештаите за државата се заснова на преглед (1 циклус, 2 циклус, 3 циклус) кој е усвоен од страна на Комитетот на министри и можни специфични прашалници од страна на Советодавниот комитет, во кои е наведена структурата која треба да се следи. Таа подготовка честопати вклучува и процес на консултации со малцинството и невладините организации, кои исто така се охрабрени да поднесуваат алтернативни извештаи или информации.

Откако ќе биде примен во Советот на Европа, извештајот за државата автоматски станува јавен и се поставува на оваа веб страна.

***

## 2 – Мониторинг кој го спроведува Советодавниот комитет

Извештаите за државите ги разгледува Советодавниот комитет, кој користи најразлични пишани извори на информации од државни и недржавни чинители.

Покрај тоа, Советодавниот комитет има развиено пракса од одење во редовни посети на земјите, и во текот на тие посети се остваруваат средби со владини функционери, пратеници, претставници на малцинствата, невладини организации, специјализирани тела за човекови права и други релевантни соговорници.

По прегледот на извештајот за државата, Советодавниот комитет усвојува Мислење кое се пренесува на засегнатата држава, како и до државите кои имаат претставници во Комитетот на министри. Мислењето станува јавно четири месеци по пренесувањето. Државите членки имаат можност да дадат забелешки на тоа мислење. При подготовката на нивниот одговор, тие може да се одлучат да одржат понатамошни консултации со малцинството и други невладини организации. Забелешките на државата треба да се поднесат до Советот на Европа не подоцна од четири месеци по пренесувањето на мислењето на Советодавниот комитет и тие забелешки може исто така да бидат јавни.

***

## 3 – Резолуции на Комитетот на министри за државите членки

По усвојувањето на мислењето од Советодавниот комитет, Комитетот на министри усвојува Резолуција која содржи заклучоци и препораки до засегнатата држава за имплементацијата на Рамковната конвенција. Подготовката на оваа резолуција, на останатите држави, како и на другите страни им дава можност да се изјаснат за ситуацијата во дадената земја. По усвојувањето, резолуцијата станува јавна.

***

## 4 – Последователни состаноци за резултатите од мониторингот

За да се поттикнат дискусии за мерките кои треба да се преземат за да се подобри заштитата на малцинствата, состаноци се организираат во државите членки за кои мониторингот бил спроведен. Овие средби, кои се нарекуваат последователни состаноци, се имаат покажано како одлична можност да се соберат сите чинители кои се засегнати од имплементацијата на Рамковната конвенција - и владини и невладини – и да се разгледаат начините како резултатите од мониторингот да се применат во пракса.